Повратна информација

во однос на Нацрт извештајот од спроведена интегрална евалуација

во ООУ,,Климент Охридски,, Миравци, од 28.02.2017 до 02.03.2017 година

Воспитно образовниот процес во основните училишта мора да го карактеризира динамички и флексибилно поставена структура која ќе ги разбира и прифаќа промените како неминовност условена од потребите на отвореност и кореспонденција на нашето образование со она во развиените земји и заради повисок квалитет на истиот.

Една од многубројните промени е и воспоставувањето нови рамки на програмите за обезбедување и контрола на квалитетот на образованието. Реализација на воспитно образовен процес, без да  има контиунуирано следење и вреднување на квалитетот на истиот, не нуди валидни и релевантни информации за ефикасноста на системот.

Сознанието  дека после подолго време ќе имаме релевантни показатели за целокупното наше работење, поттикна голем број позитивни промени во нашето работење, размислување и организација.

Нацрт извештајот што го добивме за спроведената интегрална евалуација во деновите од 28.02.2017 до02.03.2017 година детално се разгледа и се анализира на состаноци на различни форуми и би сакале да Ви го изнесеме нашето мислење.

Извештајот е комплексен, реален и и за нас мотивирачки. Единствено би сакале да дополниме некои Ваши искажувања. На пример:

- Страна 4, дел „Резиме“ , како и страна 25 дел 6.1. и страна 29 дел 8.2. и 8.3., искажаното за целосно реновирање е точно , но за ПУ во Милетково, а не за ПУ во Смоквица;
- Страна 6 , дел „Карактеристики на училиштето“ , техничката вода во училиштето во Миравци е инсталирана веќе две години;
- Страна 25, во делот 6.1. да се додаде дека се инсталирани и варолајт завеси во сите училници во училиштето во Миравци;
- Страна 29, дел 8.2. и 8.3.   да се замени исказот за оградување на училишните дворови во подрачните училишта   со исказот дека сите се оградени.

Со почит,

Директор:

____________________________________

(Тони Добарџиев)